# VI ТОП 10 ПРАВИЛА НА НОВИНАРСТВОТО

Сега, како последен дел од оваа лекција се претставени топ 10те суштински правила на новинарството или со други зборови практични совети за добро известување, адаптирани од списокот на Џереми Портер од блогот ***Journalistics***, којшто веќе беше споменуван претходно, како едел одличен извор на материјали за едукација на оваа тема.

ПРАВИЛО 10

### Именувајте ги вашите извори

Кога наведувате извори, ја правите вашата приказна убедлива и покажувате дека сте одговорни како известувач. Прифатливо е да користите и анонимен извор, но не треба да претерувате. Ова треба да се направи само кога откривањето на идентитетот на вашиот извор би ставило некого во ризик.

ПРАВИЛО 9

### Бидете објективни

Општо правило е дека новинарството не треба да се однесува на она што вие го мислите или верувате дека е вистина. Се разбира, тешко е, ако не и невозможно, да се биде апсолутно непристрасен и објективен. Сепак, ако вложите напори да бидете што е можно пообјективни, вашите читатели ќе го ценат тоа.

ПРАВИЛО 8

### Направете да има баланс

секогаш има повеќе од една страна на приказната. Треба да вложите напори да добиете информации од сите страни. Ако едната страна не сака да разговара, тоа треба јасно да го кажете. На овој начин покажувате дека сте се обиделе да добиете различни мислења и гледишта и дека тоа не е ваша вина.

ПРАВИЛО 7

### Направете го она што е исправно

Исклучително е важно да бидете прецизни и точни. Ако не сте професионален новинар, генерално не треба да бидете под притисок да објавувате брзо. Затоа, погрижете се да ги проверите вашите факти и одвојте онолку време колку што ви треба за да ја разберете приказната правилно. Ова е прашање на етика, а вашиот интегритет е во прашање.

ПРАВИЛО 6

### Не правете плагијат / се однесува и на интегритетот

Не ја превземајте работата на другите луѓе. Ова не само што е морално погрешно и непрофесионално, туку е и прилично бескорисно. Ако користите метод на копирање, едноставното пребарување на Google ќе покаже од каде сте ја зеле вашата содржина. Ако навистина ви се допаѓа она што некој друг го кажал или напишал, тогаш цитирајте го и продолжете со вашата приказна со свои зборови.

## ПРАВИЛО 5

### Не верувајте во се

Како што споменавме, треба да ги проверите вашите факти. Не верувајте во се што некој друг ви кажува, или едноставно не земајте ги здраво за готово некои статистики што ќе ги најдете. Двојно или тројно проверете ги информациите, особено ако се чини дека информацијата е малку тешка за верување. Ако нешто е премногу добро за да биде вистина, честопати не е вистина.

## ПРАВИЛО 4

### Водете добра евиденција

Ова правило повеќе се однесува на истражувачки или професионални новинари, но исто така важи и кога правите интервјуа или анкети. Правете добри белешки и чувајте ги. Понекогаш тие се единствениот доказ дека навистина сте го слушнале тоа што ви било кажано. Исто така, во земјите со добар правен систем и слобода на печатот, овие белешки се сметаат за докази на суд.

## ПРАВИЛО 3

### Не помнете ги работите во својот ум

Доколку пишувате некоја вест, користете ја превртената пирамида како помош. Дајте му ги на читателот основите во првите неколку реченици, а потоа додајте дополнителни информации. Прво направете преглед на вашата приказна, бидејќи ако не нашравите соодветен преглед може да се најдете во ситуација да скокате од еден дел од приказната во друг.

## ПРАВИЛО 2

### Пронајдете го својот глас

Не е секогаш целосната поента во фактите, исклучително важно е и да се раскаже приказната на одреден начин својствен за вас. Така, со текот на времето, како што пишувате се повеќе и повеќе, обидете се да го пронајдете својот глас и начин и стил на пишување и изразување, различен од другите. Обидете се да бидете оригинални, интересни и релевантни.

## ПРАВИЛО 1

### Никогаш не престанувајте да учите и да се забавувате

Нема совршено пишување и совршен новинар. Значи, секогаш треба да се трудите да се подобрите како новинар. Постојат голем број начини или места каде што можете да стекнете нови вештини. Гледајте на пишувањето како на авантура, забавувајте се и уживајте во вашето истражување и пишување. На овој начин секогаш ќе се стремите кон нешто повеќе и ќе се предизвикувате себеси да бидете се подобри во својата работа.